РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-7048/4
08-03-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 83-та седница одржана на 27.02.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-7048/1 од 13.12.2021 година, со наводи за незаконитости во постапка за вработување, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-7048/1 од 13.12.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 13.12.2021 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости во постапка за вработување и оформен е предмет број 12-7048/1 од 13.12.2021 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости во постапка за вработување на административен службеник – секретар во -------------------------------------------. Согласно наводите од пријавата во огласот се барал дипломиран правник со три години работно искуство во струката, а на огласот се пријавило едно лице и истото било избрано и ги поминало сите фази на селекција, без притоа како што наведува подносителот да ги исполнува законските услови за работно искуство. Согласно наводите од пријавата лицето имало работно искуство како референт за продажба, но не и на правни работи.

По разгледување на наводите од пријавата, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување, имајќи предвид дека согласно Законот за административните службеници Агенцијата за администрација е надлежна за постапување по жалби и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

приговори на административните службеници изјавени против акти донесени од страна на првостепените органи преку Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk